Органското производство

Што е органско производство?

- Органското земјоделство е систем на производство кој го одржува здравјето на почвата, екосистемите и луѓето. Тоа се потпира на еколошки процеси, биолошка разновидност и циклуси прилагодени на локалните услови, наместо употребата на хемиски препарати со негативни последици.Органското земјоделство за да се одржи продуктивноста на почвата комбинира традиција, иновација и наука, и се потпира на земјоделски техники како што плодоред (ротација на културите), зелено ѓубрење, компостирање и биолошка контрола на штетниците. Органско производство исклучува или строго ја ограничува употребата на синтетичките ѓубрива, пестицидите (кои вклучуваат хербициди, инсектициди и фунгициди), регулаторите на раст како хормони, антибиотици, адитиви во храната и генетски модифицирани организми.Едноставно речено, органското производство е земјоделски систем кој има за цел на потрошувачот да му овозможи здрава, вкусна и природна храна.За да се постигне ова, органското земјоделство се потпира врз принципи и практики дизајнирани да се минимизира негативните влијанија врз животната средина

Користење на ознаки и етикетирање на органските производи

- За да можат потрошувачите полесно да ги препознаат органските производи постојат строги правила за обележување и етикетирање.Задолжителна е употребата на националната ознака (лого) за органските производи било да се увезени или произведени во Македонија. Земјата на потекло на производите или состојките мора да бидат наведени на етикетата, заедно со соодветната национална ознака, и кодот на сертификационото тело кое извршило сертификација на органските производи.Исто така, за да се избегне заблуда кај потрошувачите постојат строги правила и контролата на користењето на зборовите органско, еко и био. Како потрошувач секогаш кога ќе ви се понуди органски производ на етикетата побарајте ја националната ознака и кодот на сертификацискотот тело. Во Европската Унија зборовите органско, еко и био се дозволени за употреба од причина што во различни земји се користи различни зборови за да се означи органското производство. Во Македонија официјално се употребува зборот “органско”, додека употребата на зборовите “био” и “еко” на етикетите е дозволено само ако сертифицираните органски производи се увезуваат и се продаваат во оригинални пакувања

Период на преод помеѓу конвенционалното и органско производство

- Правилата за органско производство одредуваат преоден период од најмалку една година, но понекогаш неколку години, пред производството да добие статус на "органско производство". Причина е тоа што, можат да бидат потребни и неколку години за резидуите од употребуваните хемикалии потполно да исчезнат од почвата. За време на периодот на преод производителите се наоѓаат во неповолна позиција. Не им е дозволено да користат пестициди или хемиски ѓубрива а истовремено, тие се уште немаат предност на продажба на нивните производи како органски.Голем дел од земјите а до скоро време и Европската Унија за да им помогнат на производителите да остварат доволни приходи за време на тешкиот преоден период, овозможуваат производителите да ги обележат и продаваат своите производи, како "органски во преод". Потрошувачите притоа имаат можност да купат "органски производи во преод" и да платат малку повисока цена за производи кои не се произведени со употреба на пестициди и вештачки ѓубрива.Со оглед дека Македонија е во рана фаза на развојот на органското производството и домашниот пазар за органски производи, "органските производи во преод" може да се продаваат и како такви да бидат означени.

Како се контролира квалитетот на органските производи?

За да се осигура согласност на производството кое се сертифицира со начелата на органското производство, воспоставен е подеднакво строг инспекциски систем.Секој производител, преработувач и увозник на органски производи мора да подлежи на стручна контрола најмалку еднаш годишно, за да се обезбеди усогласеноста со правилата на органското производство.Контролите се вршат во секоја фаза на производството и ланецот на дистрибуција и продажба, овозможувајќи на потрошувачите да бидат сигурни дека купуваат органска храна, која е произведена во согласност со правилата за органско производство.За да се обезбеди почитување на правилата утврдени во Законот за органското производство, процесот на контрола го вршат овластени контролни и сертификациски тела, под надзор на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р.Македонија како институција одговорна за воспоставување на систем за инспекција.

ORGANIC
ORGANIC
ORGANIC

- Изработила:
- Евгенија Дивитарова